# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 5/2025
## 21.03.2025 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ " бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино" бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за обезбедување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани**

Се објавува **Решение за обезбедување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **21.03.2025** година.

**Бр.09- 578/1** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**21.03.2025 година** **Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 ст.1 Т. 10 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02 и Службен весник на РСМ “ бр.202/24) член 79 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Неготино ( Сл.гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ) , член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Неготино за 2025 година ( Сл.гласник на општина Неготино бр.25/24) Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **21.03.2025** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За обезбедување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани**

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година во висина од **300.000,оо** денари на име **за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани.**

**Член 2**

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Неготино за 2025 година , програма А0 - Совет на општина Неготино , конто 412110- постојана резерва непредвидени расходи .

**Член 3**

Се задолжува одделението за финансиски работи при општина Неготино да го изврши наведеното решение и одобрените средства во износ од **300.000,оо** денари да се исплатат на **Сметката на Фондот на солидарноста на Црвениот крст : 300000001327966, даночен број: 4030984271620 АД Комерцијална банка со назнака: за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани.**

**Член 4**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-568/3**
**21.03.2025 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р.**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 5/2025


1. **Заклучок за објавување на Решение за обезбедување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани**

2. **Решение за обезбедување финансиски средства од Буџетот на општина Неготино за 2025 година за помош на настраданите граѓани во пожарот во Кочани**